С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 3 година XLII 23 февруари 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

35.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Буџетски календар

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Буџетски календар, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/1
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ “бр. 61/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Буџетскиот календар

1. Советот на Општина Велес го усвои Буџетскиот календар, во кои рокови и активности ќе се извршува Буџетот на Општина Велес за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-750/1
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

36.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за востановување на актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

С е п р о г л а с у в а О д л у к а т а з а востановување на актерска награда за животно дело „Петре Прличко“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/2
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став1, точка 15, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за востановување на актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

Член 1

Со оваа Одлука се востановува Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“, за постигнати резултати во развојот на актерството во Република Македонија.

Член 2

Наградата се востановува по иницијатива на Општина Велес, Народен театар „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ и Здружението на драмски уметници на Република Македонија „Џинот“.

Член 3

Актерската наградата за животно дело „Петре Прличко“ се доделува на актери поединци од средната класа кои зад себе имаат респектабилен творечки опус и континуирано значаен придонес во создавањето и развојот на драмската уметност во Република Македонија.

Член 4

Актерската награда за животно дело „Петре Прличко“ се состои од плакета со ликот на Петре Прличко и паричен износ во висина од 60.000 денари (или денарска противвредност на 1000 евра).

Општина Велес обезбедува половина од паричниот дел на наградата од Буџетот на Општина Велес.

Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ обезбедува половина од паричниот дел на наградата од сопствени извори и организира театарска претстава во чест на добитникот на наградата.

Здружението на драмски уметници на Република Македонија „Џинот“ ја обезбедува плакетата „Петре Прличко“ и цветниот аранжман. Иницијаторите за востановување на наградата заеднички ја организираат свеченоста за врачување на наградата.

Член 5

Наградата се доделува на актер од Република Македонија.

Наградата е неделлива и не се доделува постхумно.

Член 6

Критериумите за избор на добитник на Актерската награда за животно дело „Петре Прличко“ ги утврдува и постапката ја спроведува Комисија составена од 3 (три) члена: по еден претставник од сите иницијатори за востановување на наградата.

Членовита на Комисијата се сртучни лица од областа на театарската уметност.

Членовите на Комисијата немаат право да бидат номинирани за добитници на наградата.

Мандатот на членовите на Комисијата трае до доделувањето на наградата.

Член 7

Решение за именување на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ донесува Советот на Општина Велес, Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ од Велес и Здружението на драмски уметници на Република Македонија „Џинот“ најдоцна до 1.04. во тековната година го доставуваат предлогот за својот член во Комисијата до Советот на Општина Велес.

Член 8

Актерската награда за животно дело „Петре Прличко“ се врачува на свечен начин секоја година во октомври.

Член 9

Името на добитникот на Актерската награда за животно дело „Петре Прличко“ ќе биде објавено во средствата за јавно информирање и во „Службен гласник на Општина Велес“.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701- 750/2
27.02.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

37.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за трајна поставка на портрети на знаменити велешани

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за трајна поставка на портрети на знаменити велешани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/3
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“)бр.5/02,член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.1/03) и Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани и тоа:

Во член 3, алинеа 3, послеточка 16 се додава нова точка 17 која гласи „ Миле Поп Јорданов“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701- 750/3
27.02.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

38.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма заизмена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина на просторот на Општина Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/4
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ”бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 15/05) се врши измена:

во глава V - Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште, во позиција Ф3 -” Уредување на простор во рурални подрачја”, вредноста” 2.300.000,оо” се брише и се заменува со “2.600.000,оо”.

2. Во позиција ЈМ -”Паркови, зеленило и детски игралишта (капитални инвестиции)” вредноста од „1.800.000,оо” се брише и се заменува со „800.000,оо” , а точката 5 “Парк Касарна - 1.000.000,оо”во целост се брише.

Точката 6 станува точка 5.

3. После точката 5 се додава нова позиција која гласи:

"ЈМ - Извршени работи по Програма од 2005 година - 700.000,оо " .

4. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/4
27.02.2006година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р

39.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/5
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

` Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/5
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („ Сл.гласник на Општина Велес " бр. 1/03, 5/05 и 9/05),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година,донесе

ПРОГРАМА
за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година

Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Велес (во понатомошниот текст Комисијата).

Комисијата е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво:

Општа цел

- да промовира и поддржува приод кој води сметка за родовата димензија и сензитивност во процесот на донесување одлуки;

-да влијае кон прогресот на родовата еднаквост во локалната заедница;

- да ги поттикнува еднаквите можности за учеството во јавниот и политичкиот живот на сите членови во заедницата, како значаен аспект за развој на граѓанско општество;

- да создава институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, како и нивно вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот;

Посебни цели

-Градење стратегија за зголемување на влијанието во однос на позицијата на жените и родовата еднаквост;

-Поместувања во разбирањето на проблемот;

-Промена на нееднаквостите меѓу мажите и жените во социјалните структури и процесите преку промени во: ресурсите, можностите и одлучувањето;

Задачи

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција,

вклучувајќи ја легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.

Припадниците на обата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, економски и социјални сфери.

ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Активна политика на пазарот на работна сила;
2. Жените и социјалната политика;
3. Здравство;
4. Образование;
5. Семејно насилство;
6. Животна средина;
7. Медиумска афирмација;

ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

-Јавни дискусии
- Тркалезни маси
- Индивидуални иницијативи
- Апели
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Форуми
- Работилници
- Семинари
-Организирање јавни расправи по определени прашања
- Иницирање измени на законски акти
- Кампањи
- Влијание врз пратениците
-Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Воспоставување партнерство со бизнис секторот
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација
- Печатен материјал
-Радио и телевизиски промоции

I Активна политика на пазарот на работна сила

-воведување мерки за поттикнување на жените на работни места сообразно на нивното образование;

-мерки за спречување на дискриминација по основ на возраст на жените при вработување;

-законодавна заштита која штити од сексуални уцени, вознемирување и навреди на работно место;

-кредитирање на самозапослување на жените под поволни услови, ниски каматни стапки и одложено плаќање на долгот;

-организирано оспособување на жените за работа со современа технологија;

Женската невработеност, работата на црно, ниското вреднување на трудот се фактори кои ја принудуваат жената да врши повеќе работи, а придонесуваат на општата состојба во националната економија.

Доминантни професионални интересни подрачја во кои жените имаат афинитети (домашни ракотворби малопродажба образовни активности, активности кои можат да се извршуваат дома).

II Жените и социјалната политика

-вклучување во грижата за ранливи групи;

-едукација на жените од рурална средина за правата што ги поседува;

-посебни програми за жените кои ги изгубиле работните места;

-зголемување на продуктивниот капацитет преку полесен пристап на капиталот, кредитите, земјиштето;

Преземените активности со оваа програма ќе придонесат за намалување на невработеноста на женската популација посебна грижа за руралната жена поголемо ангажирање во локалната заедница и невладините организации.

Соработка со СОЖМ и Министерството за труд и социјална политика Одделение за унапредување на рамноправност на половите.

III Здравство

-да се зголеми пристапот на жените во текот на целиот животен циклус до соодветни, достапни и квалитетни здравствено заштитни информативни и други служби;

-да се зајакнат превентивните програми со кои се унапредува здравјето на луѓето;

Програмата ќе придонесе да се зголеми информираноста на жените и воопшто на населението до соодветна и квалитетна здравствена заштита.

IV Образование

-развивање на соработка со педагошко психолошките служби во основните и средните училишта во општината;

-воведување на начела за ненасилна комуникација и мирно разрешување на конфликтите во основните и средните училишта;

-ангажирање на помладите членови на семејството во рушењето на предрасудите, заблудите и стереотипите (немање слобода на искажување на мислата, економска зависност и отсуство на културен живот);

-современи модели на предшколски институции (градинки, игротеки);

Развој, едукација, тренинг и политика на прекфалификација, особено за младите жени и оние кои повторно влегуваат на пазарот на трудот заради адаптирање на променливиот социоекономски амбиент и вработување Опфаќање на што е можно повеќе деца во предучилишни установи, елиминирање на половата дискриминација во образованието поголем пристап на жените до стручната обука и технологија.

V Семејно насилство

-Промовирање самопочит, почит и соработка меѓу жените и мажите во процесот на социјализацијата (во семејството, училиштето и во поширокаата заедница);

-ширење на СОС мрежата;

-мобилизирање групи-сојузници за борба против половото насилство;

-преземање мерки за превенција на насилството врз жената и различни типови на насилство ;

-ширење на СОС мрежата.

VI Животна средина

-Вклучување на жената како рамноправен субјект во одлучувањето за заштитата на животната средина;

-конкретни акции за разрешување на дел од еколошките проблеми.

VII Медиумска афирмација

-Промовирање на целта на КЕМ;

-постојан проток на информации од меѓународните организации и агенции;

-објавување и ширење на информации поврзани со рамноправноста на половите;

-изготвување на специјални изданија и нивна дистрибиција;

-поддршка од медиумите во промоцијата на родовата рамноправност како приоритет за зголемено учество на жената во креирањето на медиумската политика.

Број 0701-750/5
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

40.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/6
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03,5/05 и 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-750/6
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

41.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана

на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/7
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2005 година

1. Советоет на Општина Велес го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/7
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

42.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот зареализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/8
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/8
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

43.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистичлки планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/9
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за неселени места во Општина Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/9
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

44.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата „Рацинови средби" во 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата „Рацинови средби" во 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/10
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година,донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работа на Установата "Рацинови средби" Велес за 2005 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работа на Установата "Рацинови средби" Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/10
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

45.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05), Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Фестивал на античка драма „Стоби" за 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Фестивал на античка драма „Стоби" за 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/11
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работа на Установата Фестивал на античка драма"Стоби" Велес за 2005 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работа на Установата Фестивал на античка драма"Стоби" Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/11
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

46.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес" за 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес" за 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.02.2006 година.

Број 0801-774/12
28 февруари 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.02.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работа на Установата Интернационален фолклорен фестивал "Велес" Велес за 2005 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работа на Установата Интернационален голклорен фестивал "Велес" Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-750/12
27.02.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
35	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Буџетски календар** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Буџетскиот календар**	51
36	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за востановување на актерска награда за животно дело „Петре Прличко“** **О Д Л У К А за востановување на актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**	51
37	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за трајна поставка на портрети на знаменити велешани** **ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани**	53
38	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма заизмена и дополнување на Програмата за уредување на градежноземјиште и заштита на животна средина на просторот на Општина Велес за 2006 година** **ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани** **П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година**	53
39	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година** **ПРОГРАМА за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2006 година**	54
40	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот зареализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година**	56

Бр на акт **Страница**

41	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2005 година**	56
42	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот зареализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година**	57
43	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година**	57
44	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата „Рацинови средби“ во 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работа на Установата “Рацинови средби” Велес за 2005 година**	58
45	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Фестивал на античка драма „Стоби“ за 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работа на Установата Фестивал на античка драма”Стоби” Велес за 2005 година**	58
46	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ за 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работа на Установата Интернационален фолклорен фестивал “Велес” Велес за 2005 година**	59

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00